# Закон за заштита од дискриминација

## I. УСТАВЕН ОСНОВ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Уставниот основ за донесување на законот е содржан во одредбата од член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Макденонија според која Собранието на Република Македонија донесува закони и член 54 став 3 со кој се утврдува дека ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

## II. Причини за донесување на Законот:

Основната причина за донесување на овој Закон е да ја забрани и спречи дискриминацијата која ја врши било кое лице, група на лица, јавната власт, јавните и приватни национални или локални институции и организации, во граѓанската, политичката економската, општествената и културната сфера, како и во вработувањето, образованието, во обласа на домувањето и пристапот кон стоки, објекти и услуги. Исто така, задача на овој Закон е да обезбеди јасен и конкретен механизам на правна заштита во случај на појава на дискриминација.

Принципите на еднаквост и недискриминација се базични елементи на меѓународната норматива за човекови права. Овие права посебно се фокусираат на заштитата на правата кај ранливите, маргинализираните, онеправданите и социјално исклучените индивидуи и групи, и затоа, е потребно во секоја држава да се востанови институционален механизам кој ефикасно ќе ја реализира нивната заштита[1].

Во оваа смисла, Република Македонија го има ратификувано поголемиот дел од меѓународните законски инструменти како на пример: Меѓународната Конвенција за граѓански и политички права, Меѓународната Конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, Конвенцијата против дискриминацијата во образованието, а го има прифатено и членот 14 од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, при тоа овозможувајќи индивидуални лица да поднесуваат петиции пред Комитетот на ОН за елиминирање на таквата дискриминација[2].

---

[1] Исто така и извештаите за земјите од Централна и Источна Европа што се однесуваат за состојбата со човековите права на Ромите наведуваат појави на директна или индиректна расна дискриминација, како една од бариерите, заради кои, Ромите не се во состојба да се интегрираат во тие општества во потполност. Тоа се рефлектира во бројни области во животот на Ромите.

[2] Во најновиот извештај на ОН за Унапредување и заштита на човековите права што се однесува на Република Македонија, се вели дека, во услови на идната децентрализација, постои загриженост, дека локалните власти нема да добијат доволно средства од

Донесувањето на овој Закон е во согласност и со усвоените принципи определени од страна на Советот на Европа во бројни документи кои се однесуваат на борбата против расизмот и ксенофобијата[3].

Воедно, во согласност со членот 118 од Уставот меѓународните договори кои се ратификувани претставуваат дел од домашната легислатива и се директно применливи во домашното право. Член 8 од Уставот во рамките на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија ги наведува и: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот; слободното изразување на националната припадност, соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите задници во органите на државната власт и други јавни институции на сите нивоа; правната заштита на сопственоста; слободата на пазарот и претприемништвото; хуманизмот, социјалната правда и солидарноста; уеедувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, и друго. Еднаквоста на граѓаните во однос на загарантираните слободи и права е обезбедена независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествена положба (член 9 од Уставот). Исто така, постои уставна гаранција на правото за поднесување на претставки до државните органи и другите јавни служби, како и на нив да се добие одговор. За ова, граѓанинот не може да биде повикан на одговорност, ниту да трпи штетни последици за ставовите изнесени во претставките, освен ако со нив не сторил кривично дело[4].

Во склад со оваа регулатива се и одредбите на Кривичниот закон на Република Македонија, од 1996 и измените и дополнувањата кои беа направени во 1999, 2000,2001,2002,2003 и 2004 година година, во кои, дискриминацијата се третира како кривично дело за кое се предвидува казна затвор, проследено со поостри санкции кога сторителот е службено лице. Членот 137 определува дека лицето што дискриминира (одземе или ограничува определено право кое е гарантирано со Уставот на РМ или со ратификувана меѓународна конвенција, ќе биде казнето со затвор од три месеци до три години. Во случај делото да е сторено од службено лице додека ја вршело работната задача, казната затвор е од шест месеци до пет години. Членот 417 ја казнува расната и друга дискриминација кај сторители кои ги кршат основните човекови права и слободи од шест

---

централната власт за ефикасно да ги исполнат своите обврски, во поглед на човековите права и дека давањето на поголема независност на локалните власти, вклучително на градоначалниците и полицијата, може да води кон зголемена злоупотреба на човековите права на локално ниво.

[3] Директивата од Тампере (1999 Situation of Roma in the candidate countries: Background document, Adopted by the Euroean Union (Cocen Group) at the Tampere summit, December 1999), како и Хелсинки 10 и 11 декември 1999, како и Директивата на Советот на Европа бр.43 од 29 јуни 2000.

[4] Член 24 став 1 и 2 од Уставот

месеци до пет години. Овој член ги опфаќа и оние кои прогонуваат организации или индивидуални лица заради нивната борба за еднаквост. Казна затвор од шест месеци до три години е предвидена и за лица кои промовираат идеи за расна супремација на една раса врз друга или кои поттикнуваат расна омраза и дискриминација.

Исто така во Собранието на Република Македонија е ратификуван Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето (за вклучување на децата во вооружен судир и за продажба на деца и детска проституција и детска порнографија), а во постапка на ратификација е Факултативниот протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

Може да се рече дека со сето ова Република Македонија ги покрива основните потреби за заштита на граѓаните од дискриминација. Иако постојните одредби обезбедуваат пристојно ниво на задоволување на стандардите кои секоја модерна држава би требала да ги исполнува, сепак заради низа причини, во реалноста примената на постојните закони, не функционира идеално. Се смета дека, и покрај, легално декларираниот позитивен статус и заштита на правата на граѓаните, државата не покажува доволна ажурност во реализацијата на истите и решавањето на случаите кои се појавиле во праксата.

## III.ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА КОИ СЕ ЗАСНОВА ЗАКОНОТ

Законот за заштита на дискриминација се заснова врз следните начела:
- начелото на еднаквост
- начелото на еднаков пристап кон правата и слободите;
- еднаков пристап во правниот промет;
- одговорност
-транспарентност и
-вистинитост.

## IV. СОДРЖИНА НА ЗАКОНОТ

Содржината на Законот е дадена како предлог за донесување на закон.

СОДРЖИНА
на
**ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

### I.Општи одредби

член 1

(1)Со овој Закон се уредува заштитата на забранетите облици на дискриминација, на сите физички и правни лица, се определуваат посебни

мерки и постапките за заштита при дискриминација согласно Уставот на Република Македонија, законите од соодветната област како и меѓународните договори ратификувани од страна на Република Македонија

(2)Правото на заштита од дискриминација уредено со друг закон ќе се остварува согласно тој закон ако тоа поинаку не е уредено со овој закон.

член 2

(1)Целта на овој закон е да се обезбеди заштита од дискриминација на сите (граѓани) физички и правни лица на територијата на Република Македонија со почитување на еднаков пристап во правниот промет обезбедени од страна на државните органи, органите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје, јавните установи и служби, јавните претпријатија и правни и физички лица што вршат јавни овластувања и дејности, утврдени со закон како и работодавците во јавниот и приватниот сектор.

(2)Субјектите од став (1) на овој член се должни да ги почитуваат начелата на еднаквост утврдени со закон.

**Дефинирање на поимите**

член 3

(1) Определени изрази во овој закон го имаат следното значење:

- "Дискриминација" означува секое разликување, исклучување, ограничување или давање предимство кое се заснова врз раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, социјално потекло, јазик, верско или политичко убедување, пол, сексуална определеност, имотна или социјална состојба, раѓање, генетски особини, семеен статус, здравствена состојба, хендикепираност (посебна потреба), брачна состојба или други лични својства (во понатамошниот текст "лични својства"). Како дискриминација се смета и испишувањето и истакнувањето на јавни места или на друг начин ширење на пораки и симболи со кои се повикува на дискриминаторско однесување спрема други лица.
- "лице" означува оној кој има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија, без разлика на неговото државјанство;
- "граѓанин" е лице кое е државјанин на Република Македонија;

## II.ЗАБРАНА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**1.Начело на еднаквост**

член 4

Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и опшествената положба.

**2.Облици на дискриминација**

член 5

(1) Дискриминацијата е забранета.
(2)Облици на дискриминација се непосредна и посредна дискриминација, повикување и наведување на дискриминација, помагање во дискриминаторските постапки и повреда на начелото на еднакви права и обврски.
(3)Директна дискриминација е кога едно лице или група лица со било кој акт или дејство се или би биле третирани понеповолно од други лица во иста или слична ситуација заради некое нивно лично својство.

(4)Индиректната дискриминација е кога една норма, критериум или практика која изгледа неутрална би ставила лице или група лица во понеповолна положба компарирано со други лица, заради некое нивно лично својство, освен ако таа норма, критериум или практика е објективно оправдана со некоја легитимна цел и средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни.
(5)Малтретирањето се смета како дискриминација согласно актот или дејството кога се превземени со цел да се повреди достоинството на некое лице и да се создаде атмосфера на заплашување, непријателство, деградација, понижување или навредување.

(6)Намерна сегрегација е однесување кое ги разликува едно лице од друго заради поседување на некоја особина без притоа да биде разумно аргументирано.

**3. Исклучоци од начелото на дискриминација**

Член 6

(1)Дискриминацијата не ги опфаќа;

-специјалните (посебните) мерки кои се превземаат со цел да обезбедат соодветен напредок на лицата или групи на лица кои припаѓаат на било која конретна раса, боја на кожа, родова припадност, национално или

етничко потекло, заради уживање или остварување на основните човекови права и слободи, признаени во меѓународното право;
- различен третман на лица врз основа на нивното државјанство или лица апатриди кога тоа е предвидено со закон или со меѓународен договор ратификуван од страна на РМ;
- различен третман на лица врз база на верска и родова припадност за професии кои треба да се остварат во верски институции и организации кога заради природата на занимањето и работните услови, верската или родовата припадност се пресуден услов за тоа занимање, со оглед на карактерот на институцијата или организацијата;
- поставувањето на предуслови за минимум на возраст, професионално искуство или експертиза, или некое посебно лично својство неопходно за успешно обавување на работната задача, во случаите на вработување или обезбедување пристап кон определени погодности, кои се однесуваат на работата, под услов дека тоа е објективно оправдано и е во согласност со законот;
- законски предвидената заштита за бремени жени и мајки, освен ако лицето писмено изјави дека не сака да ги користи тие погодности;
- законски определените услови за стекнување право на пензија;
- различниот третман на лицата со посебни потреби за нивно стекнување со посебни вештини и образование;
- законски определените услови за минимална и максимална возраст за пристап кон образовните институции и обука, во случаите кога тоа е оправдано со природата и условите на образованието и обуката;
- посебната заштита на деца без родители, малолетници, самохрани родители и лица со посебни потреби, утврдена со закон; и
- посебните мерки кои се однесуваат на зачувување на културните права и идентитетот на кои припаѓаат на етнички, верски или јазични малцинства.

Посебните мерки наведени во алинеја 1 став 1 на овој член не треба да создадат ексклузивни права кои би се однесувале само на овие групи во однос на другите, и не треба да останат во сила откако ќе се постигнат целите заради кои биле превземени.

**4.Повреда на начелото на еднаквост**

член 7

(1)Повреда на начелото на еднаквост постои ако:
- дискриминацијата е исклучиво заради личните својства и со неа неоправдано се ускратуваат правата и слободите или се наметнуваат обврски кои во иста или слична ситуација не важат за други лица или групи;
- презтемените цели или последици се неоправдани и

- не постои сразмерност меѓу преземените мерки и целите кои со тие мерки се остваруваат.

**5. Тешки облици на дискриминација**

Член 8

Посебно е забрането и казниво:
- предизвикување, поттикнување и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост
- пропагирање или смислено вршење на дискриминација од страна на државни органи во постапката пред државните органи, преку јавните гласиле, во политичкиот живот, при давањето ја јавни услуги, во областа на работните односи, образованието, културата и сл.
- пропагирање на расна, национална или етничка супериорност
- ропство, трговија со луѓе, апартхејд, геноцид, етничко исклучување, како и нивно пропагирање.

**6.Забрана на пишување и истакнување на дискриминаторски пораки и симболи**

член 9

Забрането е испишувањето и истакнувањето на јавни места или на друг начин ширење на пораки и симболи со кои се повикува на дискриминаторско однесување спрема други лица.

**7. Обврски на државата**

член 10

Државата е должна:
- на сите да им обезбеди еднакви права и слободи без дискриминација;
- да ги преземе сите потребни мерки заради превенција и спречување на дискриминацијата во јавниот живот;
- на граѓаните кои поради сиромаштија не уживаат правна еднаквост, да им обезбеди бесплатен правен совет и законски услови за остварување на нивните права;
- да ја известува јавноста за содржината и последиците на донесените мерки односно преземените активности против дискриминација;
- да организира обука за правилата и мерките против дискриминацијата за сите вработени во однос на субјектите од член 1 на овој закон.

**8. Општа забрана на злоупотреба на правото**

член 11

Се забранува вршење на права утврдени со овој закон во спротивност со целите за кои се признати или со намера да се повредат или ограничат правата на другите или да се предизвикаат сериозни последици по безбедноста на земјата и јавниот поредок.

## III. ПОСЕБНИ ВИДОВИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

### 1.Дискриминација во постапките пред државните органи

член 12

(1)Секој има право на еднаков пристап и заштита на своите права пред судовите и другите државни органи.
(2)Дискриминацијата на учесникот во постапката пред судот или друг државен орган се смета како причина за користење правен лек или правно средство според законот кој ја регулира таа постапка.
(3)Дискриминацијата од страна на судија или судија-поротник се смета за несовесно вршење на судската функција, а воколку дискриминацијата се повторува се смета за тешка повреда на работната обврска.
(4)Дискриминацијата од страна на јавниот обвинител, посебно во кривичното гонење, се смета за несовесно вршење на функцијата обвинител.

### 2.Дискриминација во областа на работните односи и вработувањето

член 13

(1) Под дискриминација во областа на работните односи се смета:
-секое правење на разлика, прикривање или неточно прикажување на податоци од значење за засновање на работен однос, исклучување или давање на предност засновани на личните својства кои го нарушуваат или има за цел да ја наруши еднаквата можност или постапување во поглед на засновањето на работен однос, вршење на занимање или престанок на работниот однос;
-нарушување на еднаква можност на засновање на работен однос или користење под еднакви услови на сите права од работен однос или права во врска со работниот однос како што се правото на работа, на слободен избор на вработување, на напредување во службата, на стручно усовршување, на еднаков надомест за иста работа, на соодветни услови за работа, на одмор, на образование и зачленување во синдикат, за заштита на правата на невработените.

(2) Забранета е секаков вид дискриминација заради остварување на правото на работен однос со;

- одбивање или воздржување да се вработи лице или група на лица на определени работни места за кои лицата поседуваат соодветни квалификации
- одбивање или воздржување од понуда на исти услови на вработување, работа и шанси за усовршување и унапредување кои се достапни на други лица или групи лица под исти услови и кавлификации
- отпуштање од работа на лица, во услови кога други лица вработени од страна на истиот работодавец на идентични работни задачи не биле или не би биле отпуштени.

**3. Дискриминација во давањето на јавни услуги**

член 14

(1) Се смета дека во областа на давањето на јавни услуги дискриминаторски се постапува ако на лицето или на група, поради нивните лични својства се:

- одбива давање на услуга;
- се бара исполнување на услови за давање на помош кои не се бараат од останатите лица или група; и
- помошта се дава задоцнето иако за тоа биле исполнети условите пред другите лица или групи.

**4. Дискриминација во областа на верските права**

член 15

Под дискриминација во областа на верските права се смета секој облик на дискриминација на лица или група кои припаѓаат на одредена вероисповед или не се верници особено ако:

- се повредува начелото на одвоеност на државата од верските заедници и се постапува во спротивност со обврските за непристрасност на државата спрема верските заедници како што се обезбедување на посебни права и слободи на припадниците на одделна вероисповед во однос на другите, или неоправдано одбивање на признавање на поедини верски заедници;
- повреда на начелото на слободно исповедување на верата, како што се укинување на правата на изразување на верските уверувања, поставување на неоправдани услови на припадниците на една вероисповед да постапуваат спротивно на нивните верски уверувања.

**5. Родова дискриминација**

член 16

(1) Родова дискриминација се смета:

-омаловажување и вознемирување заради родова припадност;
- ускратување на правото или јавно или прикриено признавање на погодности при засинивање на работен однос и во работните односи во однос на родовата припадност;
- неоправдано разликување на децата во однос на правото на образование, со оглед на нивната родова припадност;
- јавно повикување на давање на предност на деца од еден род во однос на деца од друг род, во воспитно образовниот процес и
- секое друго постапување кое го прекршува начелото на рамноправност на двата рода.

**6.Дискриминација заради сексуална ориентација**

член 17

(1)Сексуалната ориентација е приватна работа и никој не може да биде повикан јавно сексуално да се определи.
(2)Секој има право јавно да ја изрази својата сексуална ориетација.
(3)Дискриминирање заради претпоставена или јавно изразена сексуална ориентација е забрането.

**7.Дискриминација заради политички уверувања**

член 18

(1)Забранета е секаков вид дискриминавија заради политичко уверување.
(2)Не се сметаат за дискриминација законските ограничувања, утврдени заради спречување на пропаганда и практикување на фашизам, нацизам, расизам и класна дискриминација, како и другите облици на дискриминација наведени во член 8 од овој Закон.

**8. Дискриминација на деца**

член 19

(1) Секое дете има право семејството, опшеството и државата да му обезбедат заштита која е соодветна на неговиот статус на малолетник.
(2) Забранета е дискриминација на деца според брачна односно вонбрачна состојба, имотна состојба и општествена положба на старателот и други лични својства.

**9. Дискриминација на припадниците на заедниците**

член 20

(1) Забранет е секој облик на дискриминација по основ на припадност на определена заедница.
(2) На припадниците на заедниците не можат да им се ограничат правата кои имаат за цел зачувување на нивниот идентитет, а особено во:

- слободата на изборот на личното име и името на нивните деца и запишување на имињата во јавните исправи и документи според јазикот кој го употребуваат припадниците на заедниците;
- слободата на употреба на мајчиниот јазик;
- службена употреба на јазикот на припадниците на заедниците;
- правото на негување на традицијата и културата;
- право на образование на мајчин јазик и на учење на тој јазик;
- право на употреба на националните симболи;
- право на издавање и дистрибуција на јавни гласила и делување на културни установи на мајчин јазик;
- право на соработка со сонародниците во земјата и странство.

**10.Дискриминација во областа на социјалната и здравствената заштита**

член 21

Забранета е секаков вид дискриминација заради остварување на правото за добивање на социјалната заштита и социјалното осигурување и условите за добивање здравствена заштита и осигурување, основна здравствена заштита и превенција.

**11.Дискриминација во областа на образованието**

Член 22

Забранета е секаков вид дискриминација заради остварување на правото на образование со оневозможување или ограничување на некое лице или група лица пристап кон било кој вид на образование или на било кое ниво и оневозможување на еднаков квалитет на образование.

**12.Дискриминација во областа на домувањето**

Член 23

Забранета е секаков вид дискриминација заради остварување на правото на домување со;

- оневозможување или ограничување на можноста лице или група лица да најмат, дадат во закуп, купат, продадат или на друг начин да стекнат или отуѓат сопственост над имот или пристап кон имотот, било преку услови под кои имотот се нуди, или во однесувањето спрема некое лице или група лица кои таков имот бараат;
- разликувањето на сопствениците во смисол на пристап или ограничување за управување со имотот;
- разликувањето на заинтересираните лица за користење на погодности од владата за решавање на прашањето на домувањето;
- насилно иселување или секоја друга мерка која се превзема против сопственикот во смисла на условите на пристап кон таквиот имот;
- нееднаков третман на лица, при определувањето на условите за населување во населба или дел од населба

**13. Дискриминација за остварување на правото на пристап кон стоки, објекти и услуги**

член 24

Забранета е секаков вид дискриминација заради остварување на правото на пристап кон стоки, објекти и услуги со;

- одбивањето или намерното воздржување од снабдување со стока, овозможувањето пристап кон објекти или давање услуги на лица или група на лица под исти услови и квалитет
- оневозможувањето на пристап и користење на секое место кое е отворено за јавноста или некој негов дел;
- оневозможувањето на сместување во хотел, пансион или друг сличен објект;
- оневозможувањето на пристап во објекти како што се банките, осигурителните компании и услуги како што се заеми, дотации, кредити или финансирање;
- оневозможувањето на пристап во објекти и места за забава, рекреација или освежување и
- оневозможувањето на пристап кон здравствената заштита, правната услуга или друга професионална услуга

**14.Дискриминација на лица со посебни потреби**

член 25

Забранета е секаков вид дискриминација на лицата со посебни потреби со;

- оневозможување или ограничување на пристапот кон системот на здравствена заштита;

- ускратување на правото на здравствена заштита, редовен медицински третман и лекови, рехабилитациони средства и мерки, потребни на овие лица;
- ускратување на правото на брак, право на формирање семејство и други права од областа на брачните и семејните односи;
- ускратување на правото на образование на сите нивоа и
- ускратување на правото на работа и работен однос.

**15.Дискриминација на лица со оглед нивната здравствена состојба**

член 26

Забранета е секаков вид дискриминација на лица со оглед нивната здравствена состојба со присилно задржување во здравствена установа, азилирање или превземање било какви други присилни медицински мерки освен во случаите и на начин предвиден со закон и присилно лечење и азилирање на лица заразени со ХИВ инфекцијата не е дозволено.

## IV. ПРАВНА ЗАШТИТА

**1.Заштита во управната постапка или управен спор**

член 27

(1) Во управна постапка е дозволена жалба или друго правно средство заради дискриминација.
(2) Против конечниот управен акт со кој се врши дискриминација се дозволува покренување управен спор според законот за управна постапка.

**2.Судска надлежност и постапка**

член 28

(1) Секој на кој му е повредено правото со дискриминаторска постапка има право да поднесе тужба до надлежниот суд.
(2) Тужбата и предлогот за издавање привремени мерки се поднесуваат на судот од став 1 на овој член според подрачјето на кое се наоѓа престојувалиштето, односно живеалиштето на тужителот, а ако тужителот нема живеалиште односно престојувалиште во РМ, судот на чие подрачје тужителот има престојувалиште односно седиште.
(3) Во постапката се применува Законот за парнична постапка.
(4) Постапката е итна.
(5) Рокот за жалба изнесува осум дена

(6) Второстепениот суд одлучува по жалбата во рок од триесет дена од денот на поднесувањето на жалбата.
(7) Ревизија е секогаш дозволена.
(8) За повреда на одредбите на овој Закон, кои имаат обележја на кривично дело, соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик и Законот за кривична постапка.

член 29

(1) Со тужбата согласно овој Закон може да се бара:
-забрана на извршување на работите од кои постои опасност од повреда, забрана на понатамошно вршење на работата, односно забрана за повторување на повредата (тужба за за пропуштање);
-извршување на работи заради надминување на состојбите на повреда;
-утврдување дека тужениот према тужителот дискриминаторски постапува (тужба за утврдување);
-надоместок на материјална и нематеријална штета (тужба за надомест на штета) и
-објавување на пресудата донесена во врска со овој член.

**2.Привремена мерка**

член 30

(1)Лице чие право или интерес можат можат да бидат повредени со дискриминаторско постапување може да бара судот со привремена мерка да го забрани дискриминаторското постапување до правосилното завршување на постапката.
(2)Предлагачот мора да ја докаже веројатноста дека постои конкретна опасност на повреда на правата поради дискриминација и дека без изрекување на привремена мерка ќе настапи значителна материјална или нематеријална штета.
(3)За предлогот судот одлучува во рок од 48 часа од приемот.
(4)Приговор против одлуката за издавање на привремена мерка се поднесува во рок од 48 часа од приемот на одлуката, а судот по приговорот одлучува во рок од 48 часа.

**3.Товар на докажување**

член 31

(1) Товарот на докажувањето за повреда или не на начелото на еднаквост паѓа на тужениот.
(2) Став 1 од овој член не се применува во кривичната постапка.

**4. Тужба на други лица**

член 32

(1) Право на поднесување на тужба како и право на покренување на извршна постапка имаат народниот правобранител, како и домашни и странски организации чија цел е заштита од дискриминација, односно заштита на човековите права.
(2) Ако дискриминаторското постапување се однесува исклучиво на одредено лице или организација, може да се поднесе тужба само со негова согласност.
(3) Ако институцијата или организацијата наведена во став 1 од овој член не поднела тужба, судот може да ја сослуша како сведок, а ако поднела тужба може да биде сослушана како странка.

член 33

Заради заштита од дискриминација може да се покрене постапка и пред Уставниот суд на Република Македонија.

член 34

Народниот правобранител има обврска:
- да го надгледува спроведувањето на овој Закон
- да дава совети и мислења на заинтересираните страни во врска со спроведувањето на овој Закон
- да подготвува годишни извештаи за состојбите во оваа сфера
- да прима жалби од страна жртвите на наводната дискриминација и да постапува по нив
- да пружи правна помош на лицата-жртви на дискриминацијата а кои покренале судска постапка согласно овој закон
- да предложи измени на законите за обезбедување еднаков третман и пристап .

## V. ДИСЦИПЛИНСКА И КАЗНЕНА ОДГОВОРНОСТ

### 1. Дисциплинска одговорност за дискриминаторко постапување во работните односи

Член 35

(1) Вработен кој по своја вина дискриминаторски постапува, прави тешка повреда на работната обврска за која може да му се изрече парична казна или привремено оддалечување од работното место според одредбите на законот со кој се уредуваат работните односи,
(2) Вработен кој по своја вина ќе го повтори дискриминаторското постапување и покрај писмената опомена на работодавецот поради предходното дискриминаторско постапување може да биде казнет со дисциплинска мерка престанок на работен однос,

(3) Кривичната одговорност не ја исклучува одговорноста од став 1 и 2 на овој член.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок секој кој;

1. ќе испише или истакне на јавно место или на друг начин шири пораки и симболи со кои се повикува на дискриминаторско постапување спрема другите лица (член 9 );
2. ќе ги оневозможи или има за цел да го оневозможи еднаквиот пристап во поглед на вработувањето, работењето или престанокот на работниот однос, како и ќе ја наруши еднаквата можност за засновање на работен однос под еднакви услови, на сите права од работен однос или права во врска со работен однос (член 13 );
3. ќе одбие да даде помош или за одредена помош ќе бара исполнување на определени услови кои не се бараат од останатите лица или групи, или помошта ќе ја даде подоцна иако е побарана и условите за неа се исполнети за други лица или групи (член 14 );
4. ќе го повреди начелото на одвоеност на државата и верските заедници, односно ќе постапи во спротивност на обврските за непристрасност на државата спрема верските заедници, како и ќе го повреди начелото на слободно исповедање на верата (член 15 );
5. ќе го повреди начелото на родова еднаквост (член 16 );
6. ќе ја повреди слободата на сексуалната ориентација и нејзиното изразување ( член 17);
7. ќе го повреди начелото на еднаква заштита на малолетници (член 19 );
8. ќе ја наруши еднаквоста во образовниот процес и стручното оспособување (член 22);
9. ќе укине или ограничи посебни права на етничките заедници и на нивните припадници кои имаат цел зачувување на нивниот идентитет (член 20);
10. ќе ја повреди забраната на дискриминација заради остварување на определени политички права (член 18)
11. ќе ја повреди забраната на дискриминација на лицата со посебни потреби (член 25); и
12. ќе ја повреди забраната на дискриминација преку преземање присилни медицински мерки (член 26).

член 37

Со парична казна од 100.000 до 300.000 денари за прекршок ќе се казни правното лице ако:

1. испише или истакне на јавно место или на друг начин шири пораки и симболи со кои се повикува на дискриминаторско постапување спрема другите лица (член 9);
2. оневозможи или има за цел да го оневозможи еднаквиот пристап во поглед на вработувањето, работењето или престанокот на работниот однос, како и ја наруши еднаквата можност за засновање на работен однос под еднакви услови, на сите права од работен однос или права во врска со работен однос (член 13);
3. одбие да даде помош или за одредена помош бара исполнување на определени услови кои не се бараат од останатите лица или групи, или помошта ја даде подоцна иако е побарана и условите за неа се исполнети за други лица или групи (член 14 );
4. го повреди начелото на одвоеност на државата и верските заедници, односно постапи во спротивност на обврските за непристрасност на државата према верските заедници, како и го повреди начелото на слободно исповедање на верата (член 15 );
5. го повреди начелото на родова еднаквост (член 16);
6. ја повреди слободата на сексуалната ориентација и нејзиното изразување ( член 17 );
7. го повреди начелото на еднаква заштита на малолетници (член 19);
8. ја наруши еднаквоста во образовниот процес и стручното осбособување ( член 22);
9. укине или ограничи посебни права на етничките заедници и на нивните припадници кои имаат цел зачувување на нивниот идентитет (член 20);
10. ја повреди забраната на дискриминација заради остварување на определени политички права (член 18);
11. ја повреди забраната на дискриминација на лицата со посебни потреби (член 25) и
12. ја повреди забраната на дискриминација преку преземање присилни медицински мерки (член 26)

член 38

(1) Ако со дискриминаторската постапка настапиле тешки последици, како што е дискриминација на поголем број на лица или е направена голема материјална штета, со паричната казна од член 36 и 37 од овој закон, може да се изрече и забрана на вршење на одредени работи на одговорното лице во траење од 3 месеци до 1 година или забрана на работодавецот или на други физички лица кои вршат

јавна или друга дејност или даваат услуги, за вршење на дејноста од 3 месеци до 1 година.

(2) Со изрекување на паричната казна надлежниот орган за прекршок од ;

- член на овој закон, ќе го задолжи прекршителот да ги надомести трошоците за доведување во претходна состојба на објектот на кој пораката или симболот биле истакнати или испишани;

- член на овој закон може да изрече мерка да забрана на учество во органот во кој одлучува за засновање на работен однос за време од 3 до 6 месеци;

-член на овој закон може да изрече на прекршителот мерка забрана на приближување на работното или друго јавно место на дискриминираното лице за време од 3 до 6 месеци;

-член на овој закон може да му изрече на прекршителот мерка забрана на приближување на местото на кое се одвива лечењето или друго јавно место на дискриминираното лице за време од 3 до 6 месеци.

(3) Ако прекршителот не постапува согласно со став 2 на овој член, забраната ќе се спроведе со примена на Законот за обезбедување од извршување.

член 39

(1)Секоја организација (правно лице) која превзема на себе да промовира, поттикнува, пропагира или да биде организатор на било каква дискриминација против некое лице или група на лица, ќе биде прогласена за илегална или ќе биде забранета.

(2)Дејствијата од став 1 на овој член се сметаат за кривично дело според овој закон.

(3)Свесното учество, помагање или финансирање на организациите од став 1 на овој член претставува кривично дело.

член 40

Заканата кон жртвата или лицето кое тврди дека е жртва на дискриминација, како и попречувањето на било кој начин на нејзиното настојување да добие отштета по судски пат се смета за кривично дело според овој закон.

## VII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 41

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.